Финансирано од
Европска Унија

SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Петта сесија на Работна група 5, Животна средина (Поглавје 27)**

***Тема:* „ Приближување на националното законодавство кон европските напори за еколошка правда “**

**26 Јуни 2024 година**

## ПРЕДЛОГ ПРЕПОРАКИ

1. Зголемување на капацитетите на постојните судови и јавни обвинителства во делот на судските постапки кои се однесуваат на загадувањето на животната средина;

2. Формирање посебна полициска единица ECO-POLICE во рамките на Министерството за внатрешни работи;

3. Формирање специјален „зелен“ суд и специјално „зелено“ јавно обвинителство надлежни само за делата против животната средина;

4. Нашето казнено законодавство целосно да се усогласи со Директива на Европскиот Парламент и на Советот за заштита на животната средина преку казненото право, применувајќи ја Директивата 2008/99/ЕС, посебно во делот кој се однесува на заканите. Тоа би значело, воведување на нови и соодветно одмерени казни за физичките и правните лица во согласност со гореспоменатата Директива;

5. Усогласување на Законот за прекршоци со Кривичниот законик;

6. Министерството за правда да преземе инцијативи за ефективни обуки за јавни обвинители и судии за штетата предизвикана од криминалот во животната средина и профитот што го прават криминалците од него, како и за ефикасно сузбивање на еколошката корупција;

7. Со цел ефективно спречување на дела против животната средина неопходно е усвојување на етички кодекс, како и норми за регулирање на конфликтот на интереси и ограничување на дискреционото право при носењето на одлуки од страна на раководните органи во областа на животната средина;

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA
Slovak Foreign Policy Association